**Македонско КОСМИЧКО ДРУШТВО при Меѓународното КОСМИЧКО ДВИЖЕЊЕ (МКД) – Битола**
**Канцеларија на Граѓанско-научната космичка агенција на Македонија (ГНКА)**
**Архимедова бр. 3**
**1000 Скопје**

**Битола и Скопје, 12 јануари 2026**

# СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТА И МЕДИУМИТЕ

## Македонската образовна стратегија го игнорира космосот – ГНКА поднесе предлози за интеграција на космичкото образование и космичките науки

Граѓанско-научната космичка агенција на Македонија (ГНКА) официјално поднесе Предлог за измени и дополнувања на Националната стратегија за образование 2026–2032 до Министерството за образование и наука, Владата, Собранието и Претседателот на Р. Македонија.

По спроведена стручна анализа, Експертската работна група утврди дека Националната стратегија за образование 2026–2032 не го опфаќа космосот, космичкото образование, космичките науки, вселенските истражувања, космичките апликации или иновации.

Овој стратешки пропуст е сериозен, имајќи предвид дека космичките науки и технологии денес се клучна основа на современото образование, научниот развој, научниот суверенитет, дигиталната трансформација и зелената транзиција, како и составен дел од меѓународните образовни политики. Дополнително, се создава структурен јаз меѓу македонското образование и меѓународниот развој, со што македонските ученици и студенти се ставаат во нерамноправна позиција со нивните врсници во светот.

## Зошто ова е важно?

Во периодот 2026–2032 човештвото влегува во нова фаза на истражување на Месечината, Марс и длабокиот космос. Некои од најзначајните планирани активности се:

- **Мисии до Месечината и Венера:** Кина ќе го истражува Јужниот пол на Месечината со фокус на резервите на воден мраз и планира изградба на база на Месечината како основа за долгорочно човеково присуство; НАСА ќе ја лансира мисијата ВЕРИТАС за проучување на Венера и нејзината геолошка историја, додека Артемис III и Артемис IV ќе означат враќање на човекот на Месечината и изградба на вселенска станица „Порта на Месечината";
- **Мисии кон Марс, Јупитер и други тела:** сондата Џус (анг. JUICE) на ЕКА ќе пристигне во орбитата на Јупитер и ќе започне истражување на неговите природни сателити; се очекуваат клучни мисии за враќање примероци од Марс од страна на НАСА, ЕКА и Кина; НАСА планира активности поврзани со првата човечка мисија на Марс, додека сондата ЕксоМарс (анг. ExoMars) на ЕКА ќе продолжи со истражувањето на Марс.

**Со оглед на овие и многу други тука неспоменати вселенски активности, оправдано се поставува прашањето зошто македонските ученици и студенти би биле исклучени од заедничката надлежност на целото човештво во мироѕубивото истражување и употреба на космичкото пространство, без пристап до космичкото образование и космичките науки?**

Голем број држави ги интегрирале или започнале со активна интеграција на космичкото образование и космичките науки во нивните национални образовни системи (САД, Кина, Русија, Бразил, Индија, сите држави членки на Европската унија и Европската космичка агенција, и други). Дополнително, Македонија веќе ја има препознаено вселената како тема во предлог-Националната програма за научно-истражувачката дејност, преку нашата активна вклученост во програмата

„Хоризонт Европа“, столб 2 „Глобални предизвици и европска индустриска конкурентност“, кластер 4 „Дигиталност, индустрија и вселена“.

Затоа, отсуството на космичкото образование и космичките науки од македонската образовна стратегија претставува системски недостаток. Космосот одамна не е луксузна тема, туку фундаментална научна и образовна област со директна примена во климатските истражувања, дигиталните технологии, сателитските системи, безбедноста, комуникациите и иновациите. Во современите образовни системи, космичките науки се користат и како платформа за развој на критичко мислење, интердисциплинарно учење и МИНТ (Математика, Инженерство, Наука и Технологија) вештини.

## Што предлага ГНКА?

Поднесените предлози претставуваат конструктивна, стручно аргументирана и навремена иницијатива за усогласување на Стратегијата со современите стандарди.

Меѓу клучните предлози се:

- вклучување на космичкото образование и космичките науки во визијата на Стратегијата;
- препознавање на космосот како приоритетна интер и мултидисциплинарна област во македонското образование;
- пилот-интеграција на космичкото образование во средното образование;
- постепено воспоставување на астрономска опсерваторија при Природно-математичкиот факултет;
- конкретни активности за реализација на претходно предложеното во Акцискиот план 2026–2028.

Предложените измени не наметнуваат задолжителни финансиски обврски, ја почитуваат автономијата на универзитетите, се формулирани како стратегиска рамка за идно планирање, и се целосно усогласени со македонскиот јазик, правната традиција и меѓународното космичко право.

## Повик до институциите и јавноста

ГНКА очекува институциите одговорно и транспарентно да ги разгледаат доставените предлози, имајќи ги предвид нивните долгорочни импликации врз образованието, науката и иднината на младите генерации.

Истовремено, ја информираме јавноста дека овој процес ќе биде јавен и документиран, бидејќи станува збор за прашање од стратешко национално значење.

**Македонските ученици и студенти имаат право на образование усогласено со современите и идни научни области. Космичкото образование не смее да биде исклучок ниту да се изостави од визијата за развој на државата.**

- **Целосниот документ со предлог-измени е доставен до надлежните институции и е јавно достапен на веб-страницата на ГНКА.**

- **Експертска работна група на ГНКА за Националната стратегија за образование 2026–2032:**
    - **Независни стручњаци и претставници од научниот и високообразовниот сектор:**
        - м-р Александар Ташковски
        - д-р Александар Шулевски
        - проф. д-р Гордана Апостоловска
        - проф. д-р Ивица Милевски
    - **Претставник од здружениот македонско-вселенски невладин сектор:**
        - Ванчо Стојкоски
    - **Студентски претставници:**
        - Хана Али
        - Христијан Петрески

## <u>За дополнителни информации и изјави:</u>

**Граѓанско-научна космичка агенција на Македонија (ГНКА)**

**Лице за контакт:** Адела Асани

**Е-адреса:** int.cosmicmovement@gmail.com

**Телефон:** 075-543-150

**Веб-страна:** https://makedonskagnka.weebly.com/